**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ОСУМНАЕСЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 24.12.2018 година**

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Осумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 24.12.2018 година**

Седницата започна во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, в.д директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Седумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Седумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

Согласно член 48 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа, член 35 став (1) алинеја 2 а во врска со член 118 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, Претседателот на Советот ги **задолжи** претседателите односно во нивно отсуство претседавачите со постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, започнувајќи од наредната седница на Советот на Општина Гази Баба, доследно да го применуваат член 118 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба кој гласи: **На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот.**

Доколку нема претставник на предлагачот за точките предмет на расправа, комисијата на предлог на претседателот (претседавачот) може да предложи таа точка да се симне од предложениот дневен ред а со тоа по истата да не се расправа и одлучува на седница на советот.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Согласно извештајот од статутарно-правната комисија, бр.09-5637/2 од 20.12.2018 година, насловот на точката 12 од предложениот дневен ред: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари, се изменува и гласи: **Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "25 Мај" - Скопје**.

За работата на денешната седница на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнување** на дневниот ред, согласно извештајот на статутарно-правната комисија, бр.09-5637/2 од 20.12.2018 година:

59. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движна ствар на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје;

60. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје; и

61. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Од причина што изборите беа претходно поништени со одлука донесена од Градоначалникот на Општина Гази Баба и објавена во Службен гласник на Општина Гази Баба, нема правна можност истите да се вратат во правна сила и предложи **изменување** на предложениот дневен ред со симнување на точките:

17. Предлог - Заклучок за прифаќање на одлука на Градоначалник на Општина Гази Баба, бр.08-5195/2 од 15.11.2018 година, за поништување на одлука бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година;
18. Предлог - Одлука за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба; и
19. Предлог - Одлука за поништување на изборите за членови на совет на месна заедница, на подрачјето на Општина Гази Баба.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"59"** беше ставен на гласање и усвоен со **27 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"60"** беше ставен на гласање и усвоен со **27 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"61"** беше ставен на гласање и усвоен со **27 гласа "ЗА"**.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Барам пауза од 15 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

**Давам пауза од 15 минути.**

**По паузата.**

Предлогот за изменување на дневниот ред на член на Совет - Јорданчо Тодосиев беше ставен на гласање и истиот не беше усвоен со **3 гласа "ЗА", 14 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА" (со дополнувањето)** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент";
2. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за превземање на добиточниот пазар;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на услугите кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје на добиточниот пазар;
6. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2019 година;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2019 година;
8. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2019 - 2021 година;
9. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - висока зона - Општина Гази Баба;
10. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година;
11. Предлог - Одлука за определување на комунални дејности кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
12. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари;
13. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на фекална канализација во с.Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче;
14. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за реконструкција на улица "519" во населено место Керамидница;
15. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба;

16. Предлог - Одлука за давање согласност за реализација на проектот за поставување на систем на подземни контејнери за собирање на комунален и друг вид неопасен отпад, на подрачјето на Општина Гази Баба;
17. Предлог - Заклучок за прифаќање на одлука на Градоначалник на Општина Гази Баба, бр.08-5195/2 од 15.11.2018 година, за поништување на одлука бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година;
18. Предлог - Одлука за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба;
19. Предлог - Одлука за поништување на изборите за членови на совет на месна заедница, на подрачјето на Општина Гази Баба;
20. Предлог - Одлука за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост";
21. Предлог - Одлука за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство;
22. Предлог - Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2019 година;
23. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Стив Наумов" - Скопје;
24. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје;
25. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје;
26. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје;
27. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје;
28. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје;
29. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје;
30. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крум Тошев" - Скопје;
31. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Наумовски-Борче" - Скопје;
32. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје;
33. Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Његош" - Скопје;
34. Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година;
35. Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2019 година;
36. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2019 година;
37. Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година;
38. Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година;

39. Предлог - Програма за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи;
40. Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година;
41. Предлог - Програма за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година;
42. Предлог - Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година;
43. Предлог - Програма за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година;
44. Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година;
45. Предлог - Програма за млади на Општина Гази Баба за 2019 година;
46. Предлог - Програма за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2019 година;
47. Предлог - Програма за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година;
48. Предлог - Програма за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година;
49. Предлог - Програма за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година;
50. Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година;
51. Предлог - Програма за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година;
52. Предлог - Програма за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година;
53. Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година;
54. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година;
55. Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2019 година;
56. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година;
57. Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва;
58. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година;
59. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движна ствар на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје;
60. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје; и
61. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**ПРВА ТОЧКА: Информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај Електроелемент.**

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Можам да Ве информирам дека се води постапка, уредно се доставени записници и решение за отстранување на градба. По однос на решението е вложена жалба до второстепениот орган - Државна комисија за одлучување во втор степен во

областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. По однос на жалбата е постапено од страна на второстепениот орган, усвоена е жалбата, поништено е решението на првостепениот орган и постапката се враќа на повторно постапување и одлучување до првостепениот орган.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Интересно е како толку брзо постапил второстепениот орган по однос на конкретната жалбата. На минатата седница одржана на 21.11.2018 година, истакнавте дека роковите течат и нема жалба. После еден месец имаме информација дека имало жалба, истата е препратена до второстепениот орган, истата е уважена, поништено е решенито на првостепениот орган и се повторува постапката. На лице место имаме фактичка состојба да објектот е скоро готов и најверојатно ќе треба да организираме настан, да видиме што ќе се продава. Нема никаква логика оваа работа. Повторно Ве прашувам како е постапката понатаму ?. До раководителот на сектор за урбанизам и градежно земјиште имам конкретно прашање - дали за конкретниот бесправен објект има поднесено барање за издавање на одобрение за градење ?.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Незнам колку сте информирани дека второстепениот орган не работеше скоро една година и почна со интензивна работа пред два месеци. Од тогаш можам да потврдам дека експедитивно постапуваат по сите наши предмети. Ние мораме да постапиме по забелешките на второстепениот орган.

Претставник од општинската администрација - **Благица Блажевска**:

Во врска со прашањето на членот на совет, да информирам дека нема поднесено барање за издавање на одобрение за градење.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Имаме информации комплетни но на терен е сосема друга состојба. И вие да постапувавте толку брзо како што постапува второстепениот орган, бесправниот објект досега ќе беше отстранет. Очигледно е дека тоа не е така.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да упатам прашање до овластниот градежен инспектор - која е сега постапката ?

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Го повтори претходниот одговор.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Значи ако второстепениот орган постапил на тој начин, тогаш е очигледно дека има некаква грешка во првостепеното решение. Штом е поништено првостепеното решение тогаш постоел некаков пропуст во постапката на првостепениот орган.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска:**

Второстепениот орган нема суштински забелешки на начинот на која е водена првостепената постапка. Незначи дека при повторно постапување ние ќе ја промениме нашата одлука, односно дека станува збор за бесправен објект.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ова прашање е веќе апсурдно и оваа работа се тера на сила и тоа е очигледно. Јас незнам кому да го поставам прашањето од општинската администрација. Да е нешто подзаскриено разбирам, но очигледно е дека е објект со изразен габарит и сега рушењето е проблем. Јас го замолувам Градоначалникот под полна морална одговорност да ни даде објаснување до каде е целата ситуација и зошто е тоа така. Таму се вложени и големи средства. Ако имало постапка а затаиле службите тогаш имаме проблем. Мора да се утврди точната фактичка состојба.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Како Градоначалник морам прво да ја добијам одлуката на второстепениот орган и да ги видам забелешките на постапката. Мора да влечеме потези многу внимателно. Не е само објектот кај Електроелемент, постојат и други објекти. Пред некој ден дадов задолежение да се направи комплетна анализа и изготви информација за постоење на бесправни објекти во општината. Дека немаме капацитет да постапиме насекаде со еден овластен градежен инспектор - немаме. Мора да се стопираат бесправно изградените објекти. Постапката мора де се води стручно и во согласност со законот за да не се доведеме во ситуација да плаќаме пенали. За следната седница ќе подготвам информација за овој предмет. Постапката ја води овластен градежен инспектор а не Градоначалникот на општината. Мора да бидеме сигурни во нашите постапки а во интерес на општината.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 21.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе **(да не ги донесе)** следните материјали:

- Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на услугите кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје на добиточниот пазар;
- Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2019 година;

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2019 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2019 - 2021 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - висока зона - Општина Гази Баба;
- Предлог - Одлука за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост";
- Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за млади на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година;

- Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва; и
- Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година.
- Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Његош" - Скопје, за учебната 2018/2019 година;

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 20.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе **(да не ги донесе)** следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за превземање на добиточниот пазар;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на услугите кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје на добиточниот пазар;
- Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2019 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2019 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2019 - 2021 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - висока зона - Општина Гази Баба;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Одлука за определување на комунални дејности кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на фекална канализација во с.Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче;

- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за реконструкција на улица "519" во населено место Керамидница;
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба;
- Предлог - Одлука за давање согласност за реализација на проектот за поставување на систем на подземни контејнери за собирање на комунален и друг вид неопасен отпад, на подрачјето на Општина Гази Баба;
- Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи;
- Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година; и
- Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година. **(се предлага да не се донесе)**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за превземање на добиточниот пазар.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за превземање на добиточниот пазар, со **27 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на услугите кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје на добиточниот пазар.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на цените на услугите кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје на добиточниот пазар, со **27 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2019 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2019 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2019 - 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2019 - 2021 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - висока зона - Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Почитуван Градоначалник, од вас барам да им обезбедите на граѓаните од населените места предмет на оваа одлука, континуирано да имаат вода за пиење и во зимскиот и во летниот период.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да не се заборави барањето на граѓаните од н.м Раштак доставено и заведено под бр.09-5282/1 од 20.11.2018 година, со кое се бараат средства за финансирање на проектот за питка вода од локација Кајнак или Бутел од место каде е најпогодно за тоа. Јас ова барање ќе го оставам кај Претседателот на совет.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Крајно е време за овие населени места да се обезбеди снабдување со вода за пиење и сите ние да ја оправдаме нивната доверба. Треба да се направат нови зафати во н.м Раштак во долна зона, најдено е решение за премостување. И за Булачани и за Раштак од врвен приоритет е континуирано водоснабдување со технички исправна вода во текот на целата година. Во моментов ЈКП Гази Баба - 2007 - Скопје припрема координатори за овие зафати. Во овој период имаме активности и во н.м Страчинци и Брњарци кои се со дотраени водоводни мрежи.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Ги замолувам Градоначалникот на Општина Гази Баба и сите инволвирани служби кои ќе учествуваат во овие зафати во н.м Раштак и Булачани, активностите да се завршат навремено, се со цел конечно оваа година во овие населени места да се реши овој горлив проблем со водоснабдувањето.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - висока зона - Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 20.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе **(да не ги донесе)** следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "25 Мај" - Скопје;
- Предлог - Одлука за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движна ствар на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје;

- Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Скопје; и
- Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "25 Мај" - Скопје.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на комунални дејности кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за определување на комунални дејности кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "25 Мај" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "25 Мај" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на фекална канализација во с.Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на фекална канализација во с.Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за реконструкција на улица "519" во населено место Керамидница.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за реконструкција на улица "519" во населено место Керамидница, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за реализација на проектот за поставување на систем на подземни контејнери за собирање на комунален и друг вид неопасен отпад, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за реализација на проектот за поставување на систем на подземни контејнери за собирање на комунален и друг вид неопасен отпад, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на одлука на Градоначалник на Општина Гази Баба, бр.08-5195/2 од 15.11.2018 година, за поништување на одлука бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 20.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за прифаќање на одлука на Градоначалник на Општина Гази Баба, бр.08-5195/2 од 15.11.2018 година, за поништување на одлука бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година;
- Предлог - Одлука за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба;
- Предлог - Одлука за поништување на изборите за членови на совет на месна заедница, на подрачјето на Општина Гази Баба; и

- Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Имајќи впредвид што се́ се случуваше во последните три месеци во врска со изборите за совети на урбани и месни заедници, неразбирливо е како поништени избори со одлука на Градоначалник, објавена во службеното гласило на општината, може да биде предмет на расправа. Беа констатирани многу неправилности и од страна на СДСМ и од страна на ДПМНЕ и од тие причини изборите беа поништени. Ова не сум сигурен дека е правно издржано. За оваа и следните две точки ќе гласам против.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Упати процедурална забелешка на начинот наословување на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ како "ДПМНЕ" од страна на советник Тодосиев и побара во иднина коректно да сеословува политичката партија.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Се со цел да се одблокира процесот, јас донесов одлука да ги поддржам иако по ниту една основа спроведените избори не беа спроведени во согласност со прописите. Оваа моја одлука е чисто политички мотивирана се со цел да функционираат советите на урбаните и месните заедници.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Направи ретроспектива на превземните дејствија од сите чинители во процесот на спроведување на изборите. Сите активности беа однапред координирани помеѓу Градоначалникот и Советот и се согласувам со колегата Ристов дека е крајно време оваа тема да се стави ad acta.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Ја повтори својата претходна дискусија.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Граѓаните повеќе од една година немаат ниту едно поднесено барање до општината во врска со нивните населени места. Се сложувам со колегите Ристов и Најденовски дека во интерес на граѓаните мора да се формираат советите на облиците на месната самоуправа. По формирањето на истите сметам дека треба да имаме како совет средби поединечно со сите совети на урбаните и месните заедници.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Добро е што Претседателот на Совет се сложи со мојата дискусија и добро е што изјави дека ќе се работи во интерес на граѓаните и во иднина нема да дејствува

деструктивно од функција на Претседател на Совет.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Даде дообјаснување на својата претходна дискусија.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на одлука на Градоначалник на Општина Гази Баба, бр.08-5195/2 од 15.11.2018 година, за поништување на одлука бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година, со **25 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за поништување на изборите за членови на совет на месна заедница, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за поништување на изборите за членови на совет на месна заедница, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост".**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 21.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост"; и

- Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост", со **26 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2019 година, со **10 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Стив Наумов" - Скопје.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 20.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Стив Наумов" - Скопје;
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје;
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје;
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје;

- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје;
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје;
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје;
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крум Тошев" - Скопје;
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Наумовски-Борче" - Скопје;
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје; и
- Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Његош" - Скопје.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крум Тошев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Крум Тошев" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Његош" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Његош" - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам пауза од 30 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

**Давам пауза од 30 минути.**

**По паузата.**

**ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-5797/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија". Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5797/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година и тоа:

- Од програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година се брише парцелата 1.6 чија намена е Г1-тешка и загадувачка индустрија од ДУП за градска четврт С17 блок 1.

Предметната градежна парцела во изминатиот период предизвика особено внимание и загриженост кај граѓаните на Општина Гази Баба и Град Скопје поради објавата за долготраен закуп на градежно земјиште чија основна намена е Г1-тешка и загадувачка индустрија. Сметаме дека е потребно пред објавување на повик за давање на долготраен закуп на градежното земјиште да се изврши пренамена на парцелата во ГУП и ДУП со цел да се заштитат граѓаните на Општина Гази Баба и Град Скопје од дополнително загадување.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

ДУП за овој опфат на градежната парцела 1.6 која е опфатена со предложениот амандман е донесен и тој опфат нема да биде предмет на измена се до 2020 година. истата парцела беше составен дел од програмата за 2018 година. НВО во изминатиот период побараа од мене да се поведе постапка за изменување и дополнување на ГУП и ДУП. Законодавецот утврдил дека комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање е надлежна за спроведување на постапките, се со цел да не се створи мислење дека Градоначалникот има ингеренции во самата постапка. Постапките се водат транспарентно и советот има увид во самите објави на комисијата.

Поднесениот амандман бр.09-5797/1 од 24.12.2018 година **не се прифаќа**.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Намената ја знаеме. Во самата објава може да се вметне услов што може а што неможе да се гради на таа парцела, или колкав е процентот на тоа што може да се изгради на предметната парцела.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање ја води постапката во целост. Пред било која објава да се случи, се бараат мислења од ресорното министерство за транспорт и врски.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Нашиот предлог со овој амандан е да се изземе оваа парцела поради својата предвидена намена Г1, од Предлог-Програмата за 2019 година, се додека не се разјасни ситуацијата до крај, односно се додека не бидеме сигурни дека нема да ја има таа намена и таму нема да се гради тешка и загадувачка индустрија.

Претставник од општинската администрација - **Сашо Трајков** (претседател на комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање - КСПЈН):

Во врска со поднесениот амандман би упатил замолница и би укажал до советот да бидеме внимателни од причина што постапката по објавата за давање под долготраен закуп на предметната парцела 1.6 е сеуште во тек и може да се наштети на целиот процес. Постапката е во тек во согласност со законот за градежното земјиште и може да заврши со склучување на договор во 2019 година.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Поради потреба од дополнитени консултации, барам пауза од 10 минути.

Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

**Давам пауза од 10 минути.**

**По паузата.**

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Како еден од подносителите на овој амандман, а во претходна консултација со Градоначалникот на Општина Гази Баба и општинската администрација, сметам дека треба да се остави простор, се со цел да се заштитат и граѓаните и општината. Поради изнесеното:

Се **повлекува** поднесениот амандман 09-5797/1 од 24.12.2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-5795/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија". Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5795/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2019 година и тоа

- Предвидените средства во програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2019 година во износ од 610.000 денари се намалуваат на 310.000 денари. Останатите 300.000 денари се префрлаат во Програмата Ф, подпрограма Ф.А за изградба на пешачка патека на региотналниот пат покрај добиточниот пазар.

Со овој амандман предлагаме кратење на средствата од програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2019 година во висина од 300.000 денари и нивна пренамена во Програмата Ф, подпрограма Ф.А за изградба на пешачка патека – тротоар на регионалниот пат покрај добиточниот пазар.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Во интерес на времето а во својство на предлагач на материјалите по кој се поднесени останатите амандмани, ќе го соопштам мојот став.

Поднесениот амандман бр.09-5795/1 од 24.12.2018 година **се прифаќа**;

Поднесениот амандман бр.09-5793/1 од 24.12.2018 година **се прифаќа**;

Поднесениот амандман бр.09-5800/1 од 24.12.2018 година **се прифаќа**;

Поднесениот амандман бр.09-5801/1 од 24.12.2018 година **се прифаќа**;

Поднесениот амандман бр.09-5794/1 од 24.12.2018 година **се прифаќа**;

Поднесениот амандман бр.09-5798/1 од 24.12.2018 година **се прифаќа**;

Поднесениот амандман бр.09-5796/1 од 24.12.2018 година **се прифаќа**;

Поднесениот амандман бр.09-5799/1 од 24.12.2018 година **се прифаќа**.

Би ја искористил оваа прилика да Ве известам дека наскоро ќе има потреба и од ребаланс на Буџетот на Општина Гази Баба за следната година. Исто така за ваша информација - кредитот за Јурумлери е одобрен од бордот на Светска Банка и веќе се потпишува договорот за овој проект од капитално значење, а ќе бидете поканети во среда на отварањето на детската градинка во н.м Стајковци.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Во врска со овој амандман, се согласуваме дека средствата нема да бидат доволни но добро е да се предвидат, па се надеваме доколку има прилив на средства и има ребаланс на Буџетот за следната година, истото и да се реализира.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по амандманот и истиот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09-5795/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", со **25 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата.

Претседателот на комисијата за еднакви можности на жените и мажите - **Мартина Наумовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 21.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2019 година.

Истовремено претседателот на комисијата го извести советот за извршените корекции во текстот на Предлог-Програмата во согласност со усвоениот амандман.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2019 година (со амандманот како нејзин составен дел), со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба - **Зоран Стојанов**, поднесе извештај од седницата одржана на 24.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2019 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка се поднесени **3 (три) амандмани**, и тоа амандмани бр.09-5793/1, бр.09-5800/1 и бр.09-5801/1 од 24.12.2018 година, поднесени од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија". Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5793/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата Ф, подпрограма Ф.А на Општина Гази Баба за 2019 година и тоа

- Во подпрограмата Ф.А, ставката одржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки каде што се предвидени 3.000.000 денари да се намали на 2.000.000 денари. Останатите средства од 1.000.000 денари да се пренесат во програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година за изградба на мерна станица за квалиетот на амбиенталниот воздух во населба Ченто.

Со овој амандман предлагаме намалување на програмата Ф, подпрограма Ф.А на Општина Гази Баба за 1.000.000 денари од ставката одржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки и нивна пренамена во програмата за заштита на животната средина и природата со цел изградба на мерна станица за квалитетот на амбиенталниот воздух која ќе биде поставена во населба Ченто.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по амандманот и истиот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09-5793/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", со **26 гласа "ЗА"** со

што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата.

### *АМАНДМАНСКА РАСПРАВА*

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5800/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата Ф, подпрограма Ф.А на Општина Гази Баба за 2019 година и тоа

- Во програмата Ф, подпрограма Ф.А да се предвидат 1.090.000 денари за изградба на пешачка патека - тротоар од обиколница кон Црешево. Наведените средства да се исцрпат од неколку програми и тоа: 290.000 денари од програма за проекти од здруженија на граѓани и фондации, 500.000 денари од програмата за млади и 300.000 денари од програмата за домовите за култура.

Со овој амандман предлагаме да се определат средства за изградба на пешачка патека - тротоар од обиколницата кон населено место Црешево бидејќи на жителите од тој дел на Општина Гази Баба им е потребна пешачка патека на овој дел особено во вечерните часови бидејќи уличното осветлување веќе подолго време не функционира и движењето по коловозот преставува сериозна опасност по жителите.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по амандманот и истиот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09-5800/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", со **26 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата.

### *АМАНДМАНСКА РАСПРАВА*

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5801/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата Ф, подпрограма Ф.А и тоа:

- Во програмата Ф, подпрограма Ф.А да се предвидат 300.000 денари за изградба на пешачка патека - тротоар на регионалниот пат покрај добиточниот пазар. Предвидените средства да се исцрпат со намалување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година.

Со овој амандман предлагаме да се предвидат средства за итна изградба на пешачка патека на регионалниот пат покрај добиточниот пазар со цел да се избегне паркирањето на возила за време на пазарот на самиот регионален пат. Овој амандман го поднесуваме и поради тоа што Општина Гази Баба и ЈКП Гази Баба ќе стопанисуваат со добиточниот пазар и целата одговорност за безбедноста на жителите на Општина Гази Баба од тој дел за време траењето на добиточниот пазар ја има Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по амандманот и истиот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09-5801/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", со **26 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година (со амандманите како нејзин составен дел), со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Ристо Донев**, поднесе извештај од седницата одржана на 20.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Програма за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година **(со исправка на грешка)**;
- Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за млади на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година; и
- Предлог - Програма за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година (со исправката на техничката грешка), со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 21.12.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе **(да не ги донесе)** следните материјали:

- Предлог - Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година; **(се предлага да не се донесе)**
- Предлог - Програма за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година; и
- Предлог - Програма за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-5794/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија". Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5794/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата за проекти од здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година и тоа

- Да се намалат предвидените средства во наведената програма од планираните активности со реден број 7, 11, 15 и 16 и тоа планираната активност од број 7 предвидените 90.000 денари се намалуваат на 30.000 денари, планираната активност од број 11 превидените 50.000 денари се намалуваат на 30.000 денари, планираната активност со број 15 предвидените 120.000 денари се намалуваат на 30.000 денари и планираната активност 16 предвидените 160.000 денари се намалуваат на 40.000 денари. Исцрпените 290.000 денари да се пренаменат во програмата Ф, подпрограма Ф.А за изградба на пешачка патека – тротоар од обиколница кон Црешево.

Со овој амандман предлагаме намалување на средства од програмата за проекти од здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година и нивна пренамена во програмата Ф, подпрограма Ф.А за изградба на пешачка патека - тротоар од обиколница кон Црешево.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по амандманот и истиот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09-5794/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", со **25 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година (со амандманот како нејзин составен дел), со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за млади на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-5798/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија". Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5798/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2019 година и тоа

- Во програмата се превидените средства од 1.000.000 денари, истите да се намалат на 500.000 денари. Исцрпените 500.000 денари да се пренаменат во програмата Ф, подпрограма Ф.А за изградба на пешачка патека – тротоар од обиколница кон Црешево.

Со овој амандман предлагаме намалување на средства од програмата за млади на Општина Гази Баба за 2019 година и нивна пренамена во програмата Ф, подпрограма Ф.А за изградба на пешачка патека – тротоар од обиколница кон Црешево.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по амандманот и истиот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09-5798/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", со **26 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2019 година (со амандманот како нејзин составен дел), со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-5796/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија". Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5796/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата за домовите на култура на Општина Гази Баба за 2019 година и тоа

- Во програмата се превидените средства од 800.000 денари, истите да се намалат на 500.000 денари. Исцрпените 300.000 денари да се пренаменат во програмата Ф, подпрограма Ф.А за изградба на пешачка патека – тротоар од обиколница кон Црешево.

Со овој амандман предлагаме намалување на средства од програмата за домовите на култура на Општина Гази Баба за 2019 година и нивна пренамена во програмата Ф, подпрограма Ф.А за изградба на пешачка патека – тротоар од обиколница кон Црешево.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по амандманот и истиот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09-5796/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", со **26 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да упатам прашање до надлежниот сектор, дали домот на културата во н.м М.А.Ченто и објектот Лондза во истото населено место се во сопственост на општината и доколку истите се во сопственост, најавувам во текот на следната година при првиот ребаланс на буџетот, согласно најавите на Градоначалникот за определени приливи на средства, да се изнајдат средства истите да се рехабилитираат и стават во функција.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Домот на културата е во сопственост на општината и треба да се најде добар спонзор кој би инвестирал во тој објект и се согласувам со дискусијата на советникот Кутлешовски дека повеќе од 18 години истиот е во заборав. Околу објектот Лондза тој е во приватна сопственост и општината нема никаква надлежност околу истиот.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Објектот Лондза велите дека е во приватна соспветност но информациите од општината велат дека е во соспветност на општината. Ве молам да ја проверите оваа информација. И да е во приватна сопственост дали општината може да му наложи на сопственикот да го ограничи пристапот на одредени групи и со тоа да се спречат определени девијантни појави. Треба да се разгледа и можноста овие објекти да се издаваат под наем и приходите да одат во општинскиот буџет.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Поттикнат сум од дискусиите околу домовите на културата во целост и општо околу сопственоста на објектите. Се соочуваме со доста ситуации во најразлични места каде определни објекти се и руинирани и опасни за граѓаните од населените места. Потребно е да се прекинат постапките за легализации за определени објекти со оглед на тоа што за определени опфати има и општи акти и ДУП - ви каде се предвидени определени намени. Станува збор за нефукционални објекти кои се подложни на пропаѓање. Потребно е да се изврши увид на лице место, да се фотографираат, да се донесат соодветни одлуки за нивно отстранување и да се применат плановите и општите акти.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2019 година (со амандманот како нејзин составен дел), со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-5799/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија". Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-5799/1 од 24.12.2018 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **Валентина Петровска** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложениот амандман, се интервенира во текстот на Предлог-Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година и тоа

- Во програмата за се предвидат 1.000.000 денари за изградба на мерна станица за квалитетот на амбиенталниот воздух во населба Ченто. Средствата од 1.000.000 денари да се исцрпат од програмата Ф, подпрограма Ф.А од ставка оддржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки каде што се предвидени 3.000.000 денари.

Со овој амандман предлагаме предвидување на 1.000.000 денари за изградба на мерна станица за квалитетот на амбиенталниот воздух која ќе биде поставена во

населба Ченто. Проблемот со загадувањето во Општина Гази Баба завзема се поголеми размери и утврдивме потреба за изградба на мерна станица и на овој дел од Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Со овие предвидени средства во буџетот за следната година неможеме да очекуваме никаква заштита на животната средина и природата. Ова е најголем пораз за мене од кога се борам за животната средина. Неодамна имавме презентација на катастарот на загадувачи во општината, каде не слушнав ниту едно име на конкретен загадувач во нашата општина. Катастарот на загадувачи ја чинеше општината 950.000,00 денари. Податоците наведени во катастарот биле прибавени само врз основа на добиени одговори на прашалници по фирми !? без никакви мерења. (*Во понатамошнот тек на дискусијата даде свое мислење по однос на Предлог-Програмата, поединечно по ставки и предвидени средства за активностите предвидени со Предлог-Програмата*). Јас ќе гласам против оваа Предлог-Програма.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Во однос на мерните станици на подрачјето на општината, предлагам во н.м М.А Ченто да има мерна станица.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по амандманот и истиот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09-5799/1 од 24.12.2018 година, поднесен од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", со **24 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Се согласувам со дискусијата на колегата Димитровски, предвидените средства во Предлог-Програмата се исклучително мали. Со секој ребаланс на буџетот во наредната година ќе инсистирам да се зголемуваат средствата во програмата. Постојат општини во соседните земји, на пример во Обреновац - Р.Србија, каде во тамошниот буџет се превидени 5 % од вкупниот буџет на општината.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

И јас се согласувам со дискусијата на колегата Димитровски. Добро е што има опција преку ИПА фондовите. Нам ни се потребни тие средства. Но верувајте дека неработата на тие мерни станици доведува до тоа да немаме доказ за загадувањето. Кога ќе аплицираме во тие фондови ние ќе немаме доказ за тоа.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас мислам дека и милијарди да се потрошат, доколку не се поработи на зголемување на свеста кај граѓаните, никакви средства нема да помогнат. Ние како нација немаме едукативни програми од најрана возраст, за да се створи самосвест и почит кон зачувување на животната средина. Мој предлог е да се подели по една метла на секој граѓанин и секоја сабота и недела да имаат обврска за средување на сопствените дворови. Во компонента 5 од ИПАРД фондовите има сресства околу 50-60.000.000,00 € за оваа цел. Општината може да започне со изготвување и делење на флаери ни општината, како почеток. Мора да имаме добар систем на едукација. Граѓаните ни се сиромашни и од тие причини користат најразлични недозволиви материјали за затоплување. Град Скопје има капацитет за 300.000 жители и 50-70.000 возила и со ова е се кажано.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Упатувам забелешка и пак ќе повторам дека ќе бидам против најразлични приказни. Вака може и до утре да се дискутира. Имаме конкретен амандман и мора да се држиме до предметот на дискусија. Се согласувам со колегата Димитровски дека без пари неможе да се стори ништо на планот на заштита на животната средина.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ПЕДЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Истите забелешки кои ги наведов претходно за Програмата за заштита на животната средина се однесуваат и за оваа Предлог-Програма, односно има недостаток на средства. И за оваа програма ќе инсистирам при секој ребаланс на буџетот да се зголемуваат предвидените средства.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

И јас се согласувам со дискусијата на колегата Најденовски. Оваа Предлог-Програма и воопшто Предлог-Буџетот за 2019 година не се развојни.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Доаѓаме до најсуштествената точка. Предлог-Буџетот за 2019 година ќе се изгласа и тоа не е проблем. Главен проблем е што општината нема да тапка во место туку ќе се уназадува, значи не станува ни збор за некаков развој. Градоначалникот во наредната година ќе мора да обезбеди најмалку двојно поголем износ на средства од предвидените.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Се работи за најважната точка и како претседател на комисијата за финанциии и Буџет би сакал да соопштам што ќе треба да очекуваме во 2019 година. (*Во понатамошнот тек на дискусијата даде краток осврт на приходната и расходната страна на Предлог-Буџетот).* Се надевам дека ќе имаме 100% реализација на Буџетот за 2019 година.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

За Предлог-Буџетот вреди да се дискутира. Имавме заеднички координации со советот околу проектирањето на Предлог-Буџетот. Новите законски решенија се јасни во овој дел и имаме реална слика за тоа всушност каков буџет треба да имаме. Да дадам позитивна енергија и надеж дека ситуацијата значително ќе се подобри во наредната година. Тука се приходите од оттуѓување на градежното земјиште за градежни парцели кои се или ќе се оттуѓат и очекуваме средства по тој основ. Многу позиции во програмите се оставени на нула и свесни сме за тоа. Во овој момент таа е рамката. Должен сум средствата добиени од Владата на РМ за враќање на доспеаните а ненаплатени долгови да ги распределам по доверители. Се разговара со многу фирми и компании кои имаат интерес да градат. Наше е да дадеме позитивен сигнал. Имаме многу изготвени проекти и ќе побараме средства од државата за реализација на истите, од причина што без соодветна помош, ние неможеме да ги реализираме. Тука посебно би ги истакнал водоснабдувањето од Железара - Булачани - Раштак, изградба на спортска сала во дворот на ООУ Вера Јоциќ во износ од 400.000,00 €, комплетна промена на прозорци и санација на санитарните чворови во ООУ Наум Наумовски - Борче. И покрај се можам да истакнам дека треба да се охрабриме и да очекуваме дека ќе имаме еден од најуспешно реализираните буџети во последните 10 години.

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

Со дел од дискусиите се согласувам со дел неможам да се согласам. Со новите закони е добро што конечно имаме реална слика и реално проектиран буџет. Во изминатите години тоа небеше случај и затоа реализацијата на буџетите беше многу мала. Сега прво се обезбедуваат средства па се креира буџет, што не беше случај претходно. Ако средства недојдат во наредната година е тогаш можеме вината да ја насочиме кон Градоначалникот. Значи сега прво треба да се имаат средства па да се планира на што да се потрошат. Наша обврка е да го поттикнуваме Градоначалникот малку повеќе да се ангажира околу прибирање на средства.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Сакам да прашам до каде е постапката за пренесување на седниците на советот во живо затоа што беше заклучено дека од 01 јануари 2019 година, седниците на советот ќе се пренесуваат во живо (live streaming). Убеден сум дека седницииите на советот ќе бидат погледани од седниците на Собранието на Република Македонија. Сакам да прашам дали се оди со фискална децентрализација или фискална централизација со конкретните законски решенија. Ние има ограничен број на градежни парцели кои би биле предмет на оттуѓување и од тој аспект и приходите се ограничени по тој основ. Јас сметам дека клучно е менаџирањето на земјоделското земјиште да се превземе од страна на општините. Овој предлог на јавна дебата пред стопанска комора го дадов уште во 2005 година. Досега општините ќе немаат никаков проблем со буџетирање. Земјоделското земјиште е околу 75 % од површината на РМ, и тука има огромен прилив на средства. Владата на РМ и инситуциите се лоши собирачи на пари. Сметам дека поголема контрола и поголем прилив на средства би имале оштините, доколку менаџираат со земјоделското земјиште.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Да повториме дека буџетот се креира по приходната а не по расходната страна, согласно новото законско решение. Значи доколку има прилив на средства нема никаков проблем истите со ребаланс да се предвидат. Сите буџети во изминатите годнини биле бајка и креирани на нереална основа и од тие причини реализацијата била мала.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас говорев претходно за сосема друг дел. Јас прашувам дали тој закон е во корелација со Законот за локалната самоуправа, очигледно не é. Требаше истовремено да се интервенира и во тој закон во делот на фискална централизација а не фискална децентрализација. Јас сметам дека ситуацијата нема да се подобри.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Наскоро ќе има претседателски избори колега Ристов. Добро ќе Ве слушаме што ќе кажувате и што ќе ветувате пред граѓаните. Ова што сега го изнесовте од оваа говорница а се однесуваше на реалниот буџет, треба да бидете доблесни и во кампања да го спомнете пред граѓаните. Ние сите тука присутни сме добиле доверба врз основа на ветувања во предизборни програми.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Претседателе немаше никава потреба да мешате кампања за претседателски избори со расправа за Предлог-Буџет.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Секој има право да го изнесе своето мислење.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

До предмалку имавме сериозна дебата околу точката на дневен ред, односно за Предлог-Буџетот, а сега истото се претвори во забава.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колега Ристов, нешто ме разбравте но нешто не сте ме разбрале. На претходните седници спомнав што се е реализирано во претходните мандати, согласно ветувања наведени во предизборна програма. Поентата е дека не треба да очекуваме средства само од Владата на РМ, треба да се изнајдат и други извори на финансирање. Нам ништо нема да ни смени ако со вака креиран буџет, со овие предвидени средства, имаме на пример 100% реализација, тоа нема да го подобри животот на граѓаните.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Околу дискусијата на колегата Ристов која се однесуваше на тоа дека ние како политичка партија и коалиција на претходните избори сме давале ветувања пред граѓаните, кои не сме ги реализирале. Пред мене е предизборната програма на Градоначалникот Борис Георгиевски, врз основа на која ја доби довербата од граѓаните. Има многу проекти кои биле ветени но не се реализирале. Не требаше

колега Ристов да ја насочите дискусијата во друга насока. Денешнот ден сепак нека биде пример како треба како советници и совет да работиме. Една е целта, да ја направиме Општина Гази Баба подобро место за живеење. Како мнозинство во советот во текот на целата седница бевме конструктивни и во општ интерес.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година (со исправките на техничките грешки во текстот и усвоените амандмани), со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалник, пред да ја донесеме оваа Предлог-Одлука во својство на претседател на комисијата за финансии и Буџет, би сугерирал, би ве потсетил и би ве замолил на вработените во општинската администрација да им се исплати надоместок за годишен одмор (регрес) во согласност со член 9 став (2) од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година. Понатаму, да упатам забелешка за неисплатен надомест за ангажман на членовите на комисиите за проценка на штети. Што се однесува до забелешките на изготвениот елаборат доставени од владината комисија, тие се од техничка приорда и се неосновани. Јас сепак сметам дека тие воопшто и немаат никаква намери да ги обештетат граѓаните кои претрпеа штети на земјоделските култури, односно на градежните објекти. Јас се надевам и дека ќе ни исплатите и дополнителен надомест за присуство на седниците на советот.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Околу забелешките на елаборатот, вие како изготвувач советник Кутлешовски требаше да постапите и работата да си ја завршите до крај. Наместо вие, вашата обврска ја заврши општинската администрација од секторот за финансиски прашања. Јас што сум ветил тоа и ќе го исполнам, но работата сеуште не е́ завршена. Не е во ред пред да бидат обештетни граѓаните, јас да вршам исплати за ангажман на членовите на комисиите за проценка на штети. Што се однесува до исплатата на надоместокот за годишен одмор (регрес) тоа е предвидено во Одлуката за извршување на Буџет, и ако има доволен приход, јас до 27.12.2018 година таа обврска кон вработените ќе ја исполнам. Околу дополнителен надоместок на советниците, тоа е уредено со закон и јас неможам да вршам исплати надвор од пропишаното согласно закон.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Градоначалник да резимираме, од вашата дискусија може да се заклучи дека има волја кај вас регресот да се исплати, иако искрено јас мислев дека веднаш од говорница ќе кажете дека ќе исплатите. Се надеваме дека за 2-3 дена ќе го исполните.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Околу интервенцијата на секторот за финансиски прашања во врска елаборатот, да разграничиме некои работи. Дали е интервенирано во вкупната сума на целосната проценка или истото е само од технички аспект ?.

Претставник од општинската администрација - **Марика Зафировска**:

Од Министерството за фнансии се добиени 8 табели кои требаа да се пополнат согласно податоците од елаборатот. Значи истото е од технички аспект. Покрај податоците од елаборатот за проценка на штети на земјоделски култури, земени се и податоците од проценката на штетите на градежните објекти. Табелите се пополнети со збирни податоци од вкупните штети по двете основи.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да дадам дополнително објаснување. Невозможно е да се изготви еден единствен елаборат и за проценка на штети на земјоделски култури и за проценка на штети на градежни објекти. Очигледно е дека некој воопшто не ја разбира оваа проблематика. Околу исплатата на мојот ангажман за проценка, мене никогаш не ми се случило за својот труд да не бидам исплатен. Градоначалник, што се однесува до мојот надомест, мене немора ништо да ми исплатите, но во иднина ќе мора да си ангажирате друг кој ќе ги работи проценките.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, со **18 гласа "ЗА"**

**ПЕДЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, со **18 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движна ствар на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движна ствар на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ШЕЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Осумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 18,05 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**